# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО -

Врз основа на член 10 и член 52 став 3 од Законот за административни службеници („Службен весник на Р.М бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Р.С.М. „ бр. 275/19, 14/20), Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Куманово, донесе:

## О Д Л У К А

**За невршење избор на кандидат врз основа на интерен оглас за унапредување на административни службеници по интерен оглас бр. 0302-1790/1, (01/2023)**

**За работните позиции:** (еден) Советник за човечки ресурси I – советник - СО30102В01007 (унапредување од помлад соработник за човечки ресурси), во Дел за административни работи и управување со човечки ресуси, Оддел за административни и помошно технички работи и (еден) Советник за јавни набавки I - советник - СО30102В01006 (унапредување од помлад соработник за јавни набавки ), во Дел за административни работи и управување со човечки ресуси, Оддел за административни и помошно технички работи, **НЕ СЕ ИЗВРШИ ИЗБОР на кандидат за унапредување од причина што на огласот не беше наведен видот на образование за двете работни позиции.**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Куманово врз основа на согласност бр. 04-2928/3 од 18.05.2023 г., (МТСП), заведена со наш број 0401-1762 од 19.05.2023 година и архивски број од Министерство за финансии бр. 18-5696/2 од 18.05.2023 год., поднесе барање за започнување на постапка за унапредување на 2 ( два административни службеници). ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Куманово на ден 26.05.2023 година на својата веб страница и на веб страницата на Агенција за администрација објави интерен оглас за пополнување на работните места по пат на унапредување на следните позиции:

1. 1 (еден) Советник за човечки ресурси I – советник - СО30102В01007 (унапредување од помлад соработник за човечки ресурси), во Дел за административни работи и управување со човечки ресуси, Оддел за административни и помошно технички работи.

2. 1 (еден) Советник за јавни набавки I - советник - СО30102В01006 (унапредување од помлад соработник за јавни набавки ), во Дел за административни работи и управување со човечки ресуси, Оддел за административни и помошно технички работи.

По објавениот интерен оглас, Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Куманово врз основа на член 50 од Законот за административни службеници и номинација од Агенција за администрација, со решение бр.0302-1790/5 од 05.06.2023 година формира Комисија за селекција за унапредување на административни службеници.


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово –
„Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
www.jumcsrkumanovo.com.mk

- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО -

Врз основа на горенаведеното а согласно член 52 став 3, Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Куманово донесе одлука за Запирање на постапката односно одлука за невршење на избор од причина што на огласот не беше наведен видот на образование за двете работни позиции.

**ПРАВНА ПОУКА :** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена од денот на од денот на доставување, односно од денот на објавување на одлуката на интернет страницата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Куманово, да поднесе жалба до Агенција за администрација.

**Доставено до:**
**-кандидати**
**-Предмет**
**-архива**

**Директор**
**Александра Арсовска**